МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Јануари 2011
БРОЈ 113

## Прирачник за партиципативно буџетирање

МЦМС во соработка со Американ колеџ од Скопје деновиве го издаде Прирачникот за партиципативно буџетирање чии автори се доц. д-р Никица Мојсоска - Блажевски и м-р Мишо Николов.

Публикацијата им е наменета на граѓанските организации, државните службеници, студентите и општо на јавноста за да им помогне да се запознаат со основните и факти за буџетот на Република Македонија, за економијата на јавните пари и за концептот на партиципативно буџетирање.

Таа треба да овозможи буџетот да биде лесно читлив, а граѓаните да станат активни чинители во дебатата за буџетот, како националниот така и локалните.

На овој начин, ќе се зголеми буџетската писменост на граѓаните како основен предуслов за вклучување во формулирање на буџетите на локалната самоуправа по нивна мерка.

Преку публикацијата, граѓаните, локалната самоуправа и носителите на политиката имаат можност да го осознаат концептот на партиципативно буџетирање, како и позитивните резултати од неговото воведување во формулирањето на буџетите на локално ниво.

Публикацијата ќе биде користена како ресурсен материјал при обуките за партиципативно буџетирање, а ќе им користи и на студентите како дополнителна литература.



# Ставови на граѓаните за решение на билатералниот спор на Македонија со Грција

МЦМС спроведе повеќе истражувања за прашања од општествен интерес. Ова е едно од нив.

Истражувањето покажа дека половина од граѓаните се против каква било промена, четвртина за „двојната формула" и четвртина за едно од три други решенија. Најмалку прифатливи се решенијата за ново име за сите употреби или договорено име за сите меѓународни комуникации. За 15,7 % од граѓаните е неприфатливо Македонија да не прифати никаква промена.

Разликите во однос на ставовите се јавуваат на етничка основа, но не и на партиска основа. Никаква промена (60,2 %) и „двојната формула" (28,3 %) се два најприфатливи избори за етничките Македонци. Ново име (31,3 %) и договорено име во меѓународните организации (28,6 %) се два најприфатливи избори за етничките Албанци. Мнозинството на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, како и на граѓаните кои не се симпатизери на политички партии се одлучиле за никакви промени како прв најдобар избор кој ги одразува нивните ставови.

Потребен е зголемен дијалог меѓу двете најбројни заедници во Македонија.
Северна, вардарска и горна се неприфатливи географски придавки/додавки за мнозинството граѓани. Во однос на ставовите, се повторуваат разликите на етничка и партиска основа.

Владата и Собранието со мандат за одлучување, а секој трет граѓанин поддржува „рамковен формат". Постои поделеност во однос на потребата за одржување советодавен референдум меѓу граѓаните кои се за со 54,4 % и граѓаните кои се против и не знаат.

Прашањата од ова и од истражувањето подолу се поставени во рамките на теренска анкета - лице во лице, во домаќинствата во декември 2010 г. на репрезентативен примерок од 1.050 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.
Теренската анкетата за МЦМС ја спроведе Институтот за социолошки и правно-политички истражувања (ИСППИ).

*Табела: Разлики во однос на ставовите на етничка основа*

| | Прв најдобар | | Втор најдобар | | Најмалку прифатлив | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | Ет. Мак. | Ет. Алб. |
| Ново име за сите употреби | 3,0 % | 31,3 % | 3,9 % | 26,6 % | 32,4 % | 6,6 % |
| Договорено име во сите меѓународни комуникации | 0,8 % | 8,1 % | 1,7 % | 9,7 % | 28,2 % | 18,1 % |
| Договорено име во меѓународните организации | 7,1 % | 28,6 % | 8,3 % | 19,3 % | 6,5 % | 9,3 % |
| „Двојна формула" | 28,3 % | 15,8 % | 36,3 % | 17,0 % | 5,4 % | 14,7 % |
| Никаква промена | 60,2 % | 13,9 % | 18,7 % | 10,8 % | 6,9 % | 40,5 % |
| Без одговор | 0,6 % | 2,3 % | 31,2 % | 16,6 % | 20,6 % | 10,8 % |
| Вкупно | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % |

## Граѓаните не се за предвремени избори

Еден од два граѓани е против предвремени избори, а еден од три граѓани е за предвремени избори, односно против се 49,7 %, а за 36,3 %. Искажаниот став за предвремените избори е сличен за граѓаните по основа на пол, возраст, работен и социјален (класен) статус, степен на образование и место на живеење. Разлики се јавуваат по основ на етничка определеност и на симпатизери на политички партии, како и по региони.

Етничките Македонци се 52,9 % против предвремени избори, а 32,5 % се за. Меѓу етничките Албанци односот е изедначен, 44,4 % се против, а 45,9 % се за предвремени избори.

Против предвремени избори се симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, а за предвремени избори се симпатизерите на СДСМ и ДПА. Против предвремени избори се и граѓаните кои не се симпатизери на ниедна партија.

Најмала поддршка за предвремени избори има во југоисточниот регион (20,2 %), а најголема во полошкиот (46,7 %). Во скопскиот регион 51 % од граѓаните се против предвремени избори.

*Дали сте за предвремени избори?*



## Вклучете се во регионалните фокус групи за Цивикус

МЦМС во соработка со неколку локални организации, во периодот од 8 до 17 февруари 2011 година ќе организира состаноци на регионалните фокус групи на Цивикус – Индексот на граѓанското општество (ИГО).

Целите на овие состаноци се граѓанските организации да се запознаат и да расправаат за истражувачките активности на ИГО за проценка на состојбата на граѓанското општество во Македонија и да се идентификуваат јаки и слаби страни на граѓанското општество во Македонија.

Учесниците ќе разговараат за дефиницијата и категориите на граѓанското општество, за димензиите и поддимензиите, за резултатите добиени од досегашните анкети и прикази на случаи итн.

Состаноците ќе се одржат во Битола (8.02), Струга (9.02), Скопје (10.02), Штип (15.02), Велес (16.02) и Куманово (17.02). Сите започнуваат во 10 часот.

Цивикус - Индексот на граѓанското општество (ИГО) е акциско - истражувачки проект, кој ја проценува состојбата на граѓанското општество во земјите низ светот.

На меѓународно ниво проектот е координиран од Цивикус - Светска алијанса за граѓанско учество, додека во Македонија проектот е координиран од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Општа цел на ИГО е да се развијат активни и ефективни национални и меѓународни платформи за акции засновани на знаење заради зајакнување на граѓанскиот сектор.

Конкретните цели на ова меѓународно истражување се собирање и споделување на знаења меѓу засегнатите страни на граѓанското општество и зголемување на капацитетот и посветеноста на граѓанското општество за позитивни општествени промени.

## Комуникациската писменост на граѓанските организации е се уште ниска



Само 14 % од потенцијалните регистранти, регистрирале интернет-домен, покажа истражувањето што го спроведе МЦМС во декември 2010 година, преку нереактивно собирање податоци од регистарот на МАРНет за терцијарни поддомени во скундарниот поддомен ’org.mk’. Постојат околу 9.080 потенцијални регистранти кои имаат регистрирано 1.293 интернет домени. На половина од регистрираните домени (52%) се поставени активни веб-сајтови. Од нив, 6% им припаѓаат на пет граѓански организации.

Истражувањето покажа и дека опаѓа застапеноста на регистрираните домени .org.mk во вкупниот број регистрирани домени. Иако бројот на вкупно регистрирани .org.mk домени е во постојан пораст, бројот на новорегистрирани домени по години од 2007 г. опаѓа. Вкупно регистрираните домени .org.mk се зголемуваат во просек за 9% годишно, но бројот на новорегистрирани домени .org.mk по години опаѓа во просек по 5,4 % годишно.

Петте примарни именски опслужувачи со најголем број домени .org.mk се со локација во Македонија. Кај 48,6 % од домените org.mk се користат овие пет именски опслужувачи.

Што се однесува до користењето на комуникациските алатки, големо мнозинство (околу 75%) од веб-сајтовите имаат споделено поштенска адреса, е-пошта и телефон. Мало малцинство (10 %) од активните веб-сајтови имаат споделено употреба на социјални медиуми.

Преовладуваат еднојазичните веб-сајтови на македонски јазик. Ретко се користи алатката Гугл транслејт за автоматско преведување на содржините. Вкупно 55 % се еднојазични, македонскиот јазик се употребува кај 75 % од нив. Најчеста комбинација на јазици кај двојазичните (35 %) веб-сајтови се македонски и англиски (93 %) јазик.

МЦМС го спроведе истражувањето за да ја прикаже моменталната состојба на регистрираните терцијарни поддомени во секундарниот поддомен org.mk (заклучно со 1.12.2010 година). Целите на истражувањето се да се покаже колку често се употребуваат овие комуникациски канали, односно дали се користи можноста што ја дава Интернетот и да се укаже на комуникациската (не)писменост.

Според истражувањето, на граѓанските организации се уште им е потребно јакнење на свеста за моќта на Интернетот и социјалните медиуми како алатка за промоција и дистрибуција на информации и содржини.

## Раководење со проектен циклус за волонтерите на МЦМС



*Од четиридневната обука за Раководење со проектен циклус*

На 10 и 11 и на 17 и 18 јануари оваа година за ангажираните волонтери во МЦМС беше организирана Обука за раководење со проектен циклус. На обуката учествуваа и вработени на МЦМС кои досега немале можност да ја посетат.

Учесниците на обуката имаа интензивна програма која опфати основни информации за тоа што е проект, какво е планирањето насочено кон целите, како се прави анализа на засегнати страни, анализа на проблеми, анализа на цели и избор на стратегија. Посебно внимание беше ставено на пристапот на логичка рамка, логиката на интервенција, дефинирањето претпоставки/предуслови и индикатори и буџетирање.

„Обуката во целост ги исполни моите очекувања“, ни рече Сашо Андреевски, еден од волонтерите во МЦМС. „Подеднакво беше застапен теорискиот и практичниот дел. Особено ја сметам за корисна импровизацијата на изготвување на целосен проект кој ми помогна теориските знаења практично да ги применам“, додаде тој.

Помеѓу првиот и вториот циклус, учесниците, поделени во две групи, работеа на два предлог проекти. Во вториот циклус проектите беа презентирани и анализирани. Дополнително, во овој циклус тие поминаа низ набљудувањето и оценката на проектите како и методите за оценка и известување. Еден дел од обуката беше посветен на упатството и апликациската форма за повиците на Европската комисија. Обуката ја спроведе Фатмир Битиќи.